(5) Доколку известувањето се поднесува во електронска форма потпишано со квалификуван дигитален сертификат, не е потребно да содржи печат на издавачот.“

Член 3

Во Прилог 1 во образецот „Известување за запишани и платени хартии од вредност од приватна понуда“ по зборовите „печат и потпис“, како и по зборот „потпис“ се додаваат зборовите „односно квалификуван дигитален сертификат“.

Член 4

Во Прилог 2 во образецот И-ПП „Известување за реализација на приватна понуда на хартии од вредност“ по зборовите „печат и потпис“, како и по зборот „потпис“ се додаваат зборовите „односно квалификуван дигитален сертификат“.

Член 5

Комисијата утврдува пречистен текст на Правилникот за формата и содржината на известувањето за запишани и платени хартии од вредност од приватна понуда и на известувањето за реализација на приватна понуда на хартии од вредност.

Член 6

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 03-334/4
19 мај 2014 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска**, с.р.

_____

2447.

Врз основа на член 27 став (9) и член 190 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија” број 95/05, 25/07, 7/08, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13 и 43/2014), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, на седницата одржана на ден 19.5.2014 година донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА СООПШТЕНИЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ПО ПАТ НА ПРИВАТНА ПОНУДА

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на соопштението за издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда („Службен весник на РМ“ бр. 110/2006) во член 3 се додаваат два нови става (3) и (4) кои гласат:

„(3) Соопштението од став 1 и 2 на овој член до Комисијата за хартии од вредност може да се поднесе во електронска форма потпишано со квалификуван дигитален сертификат.

(4) Доколку соопштението се поднесува во електронска форма потпишано со квалификуван дигитален сертификат, не е потребно да содржи печат на издавачот.“

Член 2

Во образецот С-ПП по зборовите „печат и потпис“, како и по зборот „потпис“ се додаваат зборовите „односно квалификуван дигитален сертификат“.

Член 3

Комисијата утврдува пречистен текст на Правилникот за формата и содржината на соопштението за издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда.

Член 4

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 03-335/3
19 мај 2014 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

_____

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

2448.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 22, алинеја 4, од Законот за енергетика („Службен весник на РМ” бр. 16/2011, 136/2011, 79/2013, 164/2013 и 41/2014), член 11 и член 15, став 3 од Тарифниот систем за продажба на природен гас на тарифни потрошувачи („Службен весник на РМ” бр.94/2005, 43/2010, 9/12 и 13/12), постапувајќи по барањето на Дирекцијата за Технолошки Индустриски Развојни Зони (ДТИРЗ) – Скопје, за определување на продажна цена на природен гас за тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас во ТИРЗ – Скопје, за месец мај 2014 година, на седницата одржана на 22 мај 2014 година, донесе